


## м-р КРИСТИНА ПАЛИЈА

Кристина Палија, сопран, родена 1984 во Неготино. Средно стручно образование завршува во Средното музичко училиште во Штип на отсекот по соло-пеење кај проф. Александра Коцевска. Прв циклус на студии запишува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Факултетот за музичка уметност . Како солиден студент на отсекот по соло - пеење се истакнува уште во текот на првиот циклус на студии.Како солист редовно зема учевство на свечените концерти кои се случуваат со целиот ансамбал на Факултетот за музичка уметност со оркестарот на Македонската опера и балет и со оркестарот на Македонската Филхармонија.

Се појавува на неколку државни и меѓународни натпревари од кои во Македонија зема две награди со прво место и една награда со второ место.Исто така учествува и на меѓународниот натпревар по соло-пеење „ Лазар Јовановиќ" во Белград, Р.Србија каде освојува второ место, а на меѓународниот натпревар по соло-пеење „ARSKOSOVA„ во Приштина - Косово ја освојува првата награда. Во 2014 год. зема учевство на Интернационалниот натпревар по соло пеење „Montserat Caballe" во Сарагоза - Шпанија . Се здобива и со повеќе благодарници од кои ја издвојува благодарницата СРЕБРЕН ОРДЕН врачена од врвот на АРМ.

Дипломира на отсекот по соло-пеење на ФМУ во Скопје во класата на проф. Марија Муратовска – Наумовска . Магистрира на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Факултетот за музичка уметност на отскот по соло – пеење во класата на проф. Весна Ѓиновска – Илкова (првенец на националната установа македонска опера и балет) . Свосто деби го доживува на сцената на Македонската опера и балет со улогата на Микаела во операта Кармен од Ж.Бизет под диригентската палка на маестро Доријан Вилсон од Германија .

Последите години активно ја претставува Македонија на сцените во Словенија, Австрија, Шпанија, Мароко (Африка) и други земји.





# МУЗИЧКА
## РАЗГЛЕДНИЦА

## ДУО ГРАЦИОЗО

м-р Кристина Палија – сопран
д-р Невенка Дуковска – пијано

ПРОГРАМА

„Лафино вино црвено" арр. Стојанче Иванов
G. Puccini – "O mio babbino caro"
G. Gershwin – Summertime
R. Lovland & B. Graham - You raise me up
E.De Curtis - Torna A Surriento
C. Velazquez - Besame mucho
F. Obradors – El vito
A. Lara - Granada
Time to say goodbye

## д-р НЕВЕНКА ДУКОВСКА

Невенка Дуковска (Трајкова) е родена во Скопје 198 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното с друживи од својата најрана возраст.

Основно и средно музичко образование завршува в ДМУЦ„Сергеј Михајлов" во Штип ,каде што работи живее. Дипломира и магистрира на отсекот пијано н Националната музичка академија „Панчо Владигеров - Софија , Р.Бугарија во класата на Проф.Антон Дико и асистент Елена Дикова.

Магистрира на истата академија - отсек пијано,а в 2013г. докторира во областа на камерната музик и корепетицијата, преку која што ја истражува , воедно и афирмира современата музика .

Во моментот работи како доцент на Универзитето „Гоце Делчев" на Музичката академија во Штип.

д-р Невенка Дуковска е дел од многу Меѓународн натпревари, како уметнички директор, претседате на организационен одбор и како член на меѓународн жири комисии во Македонија и странство.

Покрај многубројните солистички концерти им настапувано и со најразлични камерни состави ансамбли низ Македонија, Италија, Србија, Косово Бугарија, Грција, Шпанија, Австрија и како дел од три Grazioso на турнеја низ Словенија и два пати Австриј (2015 и 2016 г.) и два пати на турнеја низ Мароко Африка (2016 и 2017г.). Настапува со повеќе еминентн музички изведувачи како Кирил Рибарски, Бори Трајанов, Зоран Казаков (Швајцарија), Јоргос Георги (Кипар) и други. Учесник е на многу меѓународни државни натпревари.

Добитник е на повеќе први награди како пијанис а добитник е и на награда од меѓународниот Ар фестивал „Езерски бисери" – Струга за најдоба корепетитор на натпреварот.

Учествува на редица семинари кај истакнати пијанист како Александар Блох, Тамара Подубнаја, Кетри Викерс, Марчела Крудели и други. Разновидноста н камерните состави со кои настапува и досегашнат корепетиторска дејност го збогатуваат нејзинио репертоар со кој често настапува на сцените ни Македонија и надвор од неа.